ЛЕВИЦА

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ
2025

# НАРОДОТ СЕГА!

## ИЗБОРНА ПРОГРАМА ЗА КУМАНОВО

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА КУМАНОВО

6

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

- Изградба на нова атмосферска канализација на бул. „Октомвриска револуција“.
- Доизградба на Кејот и негово спојување со парк „Ловечки дом“.
- Целосна гасификација на градот и разгледување на можноста за надградба на капацитетот и приклучување на локалните згради кон постоечката мрежа на станици за топлинска енергија кои постојат во поголемите објекти: училишта, градинки, спортски сали и сл.
- Изградба на социјални станови.
- Поврзување на сите рурални средини и месни заедници со асфалтен пат и креирање на нови бушотини за вода за пиење и регионални базени за наводнување.
- Реконструкција и модернизација на градскиот пазар, со можност за подигање спратови и конструкција на подземен паркинг.
- Изградба на „Парк на Бранители 2001/2015“ со бисти и ботаничка градина.
- Изградба на парк посветен на Петар Карпош - „Крал на Куманово“, Христијан Карпош со статуи во природна големина, бисти на борците од НОБ од Куманово.
- Парк и зеленило за секоја населба, со приоритет на населбите каде што нема паркови: Карпош, Иго Тричковиќ, Перо Чичо и Зелен Рид .

# I. ДИРЕКТНА ДЕМОКРАТИЈА И ЛОКАЛНО САМОУПРАВУВАЊЕ

## 1. Левица се заложува за законски измени со кои:

- Бројот на мандати на градоначалниците да се ограничи на максимум два
- Намалување на цензуси за свикување на референдуми, народни и месни иницијативи.



## 2. Инклузивност на граѓаните во процесот на креирање на политики

- Отворен ден за граѓански идеи (еднаш на секои три месеци)
- Отворени денови на градоначалникот и советниците
- Граѓанска партиципативност и вклучување на локалните жители во процесот на креирање на децентрализирани јавни политики од корист за жителите во месните заедници (јавни анкти, јавни расправи дебати сл.)

# I. ДИРЕКТНА ДЕМОКРАТИЈА И ЛОКАЛНО САМОУПРАВУВАЊЕ

- Воведување на брајово писмо за сите општински документи.

## 3. Транспарентност во работењето на општината

- Двосменско работење на шалтерите, со цел поголема достапност за граѓаните
- Задолжително одржување на седниците на советот вон работно време, со цел можност за присуство и следење од страна на повеќе граѓани.
- Јавно достапни материјали за работа на седниците, вклучително предлог програмите, записниците, предлог буџетите и сл.
- Надградба на проектот „Е-општина“, преку мобилни апликации без непотребни чекања на шалтер.

## 4. Локална власт во заштита на работничките права

- Департизација на работните места во општинската администрација и враќање на критериумите на стручност, компетентност и професионални квалификации.
- Избор преку јавни огласи за вработување на најквалитетните кандидати со што ќе се елиминира непотизмот и партиските вработувања.
- Целосно почитување на работничките права во институциите на локалната самоуправа.
- Непречено синдикално организирање на локално ниво.
- Забрана за договори за вработување по етнички клуч при склучување на коалициски договори.

## 5. Намалени хонорари на локалните функционери

- Драстично намалување на паушалите на членовите на Управните и Надзорните одбори во јавните комунални претпријатија
- Намалување на бројот на членови на УО и НО во јавните претпријатија

# II. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

## 1. Плански проактивни општини

- Забрана за издавање под концесии на јавни објекти изградени по пат на самопридонес или со средства од јавните фондови и буџетот на општината.
- Создавање специјализирани општински јавни претпријатија за извршување градежни работи, како замена на тендер-системот.
- Таргетирана и стратешка изградба на јавни згради со средства на општината (социјални станови, старечки домови и сл.)
- Изработка на проект за изградба на фотоволтаична централа за потребите на јавните установи и претпријатија

# II. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

- Формирање на ЈП за градски превоз, набавка на електрични или хибридни автобуси, креирање на мобилна апликација со ГПРС систем за следење на рутите на движење на автобусите.
- Формирање на ЈП за заловување, вдомување и стационирање на улични животни.
- Воведување на апликација „Моја Општина - Куманово" за електронско плаќање, архива на платени сметки и дигитализација на јавните претпријатија.
- Подршка за развој на занаетчиите и малите семејни бизниси преку буџетски средства.
- Помош на локално земјоделство преку бесплатни консултации и формирање на локална земјоделска заедница, која ќе им пружа бесплатна земјоделска обука.

## 2. Инфраструктурна децентрализација и рурален развој

- Реконструкција на основните училишта и нивните детски игралишта во Орашац, Клечовце, Табановце, Романовце и Љубодраг како регионални образовни центри.
- Реактивација на амбулантите во Тромеѓа, Табановце, Орашац, Клечовце, Агино Село, Љубодраг и Градиште, со што секој рурален регион ќе има своја активна амбуланта.
- Набавка на амбулантни возила за помалите рурални средини како Пезово, Габреш, Довезенце, Шупли Камен, Умин Дол, Студена Бара, Четирце.
- Заложба преку нашата пратеничка група во Парламентот да се реконструира клучката кај Агино Село.
- Заложба за пробивање на делница с. Кокошиње - с. Татомир со цел уште едно поврзување на кумановско и кратовско, за полесно одвивање на сообраќајот во овој регион.
- Ревизија на функционирањето на депонијата Краста во с. Пчиња.
- Урбанизација, креирање на ДУП-ови, развивање на водоводна и канализациона мрежа, патна инфраструктура за селата блиски до градската средина како што се Лопате, Режановце, Речица, Горно и Долно Којнаре, Тромеѓа, Доброшане, Черкезе, како средини кон кои градот природно се шири и кои треба навремено да се урбанизираат.

# III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

## 1. Системска борба против урбанистичката мафија

- Застанување на патот на локалните моќници во манипулациите со градежното неизградено земјиште
- Ревизија на сите спорни ДУП-ови и ГУП-ови.
- Забрана или мораториум за градење на згради во централното градско подрачје, со цел да се намали енормното загадување, сообраќајниот метеж и овозможување за ширење на градот кон периферијата.
- Забрана за продажба на општинско земјиште

# III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

- Заложба за река Пчиња да се намени во заштитено подрачје со цел да се сузбие и искорени дивиот ископ на песок.

## 2. Планско градење

- Рамномерен инфраструктурен развој, наместо задоволување на апетитите за профит на приватните инвеститори, со цел да нема избегнување на инвестиции во посиромашни средини од градот.
- Изработка на план за изградба на нова спојница помеѓу булевар „Октомвриска револуција“ и населба Перо Чичо, со цел да се намали метежот кај грлото помеѓу зелениот пазар и влезот во населбата.
- Презентации и јавни расправи за Деталните и Генералните урбанистички планови да се одржуваат исклучиво надвор од работното време со цел поголема партиципација на граѓаните и јавноста.
- Создавање пешачки зони, рекреативни и велосипедски патеки.
- Изградба на паркинзи за велосипеди пред јавните институции и приватните станбени и деловни објекти.
- Поставување на „рент а бајк“ пунктови во склоп на ЈП за јавен градски превоз
- Субвенции за набавка на нов велосипед за деца без родители и деца чии родители се невработени.
- Поставување на соларни панели над секоја сијалица од јавното осветлување со цел нивната потрошувачка да биде сведена на минимум.
- Целосно обновување на семафорите и нивно поврзување на обновлива енергија.
- Поставување на бесплатни wi-fi зони на сите јавни површини во централното градско подрачје.
- Изградба на урбани кејови на сите пет реки во Општина Куманово - нов кеј на Крива река во атарот на с. Клечовце, проширување и изградба на кеј на локација од Градскиот парк до мостот во Средорек.

## 3. Јавен превоз

- Субвенционирани билети за јавен превоз за различни категории граѓани од социјален ризик.
- Поставување на модерни автобуски постојки во и вон градската средина и информативни табли со локалните знаменитости на градот.
- Субвенционирање на превозната линија Куманово - Пелинце за полесна поврзаност на жителите на Општина Старо Нагоричане со Куманово со цел подобрено искористување на туристичкиот капацитет на Меморијален центар АСНОМ и планинарскиот капацитет на планината Козјак како алтернативен тип на туризам.

## 4. Градски паркинг

- Доизградба на паркинг места пред државни и општински институции.
- Воведување на бесплатен паркинг за време на викенд и празници
- Редовно отстранување на хаварисани возила од градските улици
- Воведување на паркинг места за ранливи категории.

# III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

## 5. Екологија и зелено живеење

- Субвенции за термална изолација на домовите, со цел да се намали потребата за греење и да се намали потрошувачката на енергија и субвенции за промена на кровови и влезови за станбените згради постари од 25 години.
- Субвенции за потрошувачка на гас од м3.
- Поддршка на иницијативи на граѓаните за унапредување на животната средина.
- Целосна обнова на мрежата на мерните станици во Општина Куманово и можност за следење на податоците директно преку апликацијата „Моја Општина Куманово“.
- Поставување на контејнери за градежен шут и отпад на неколку локации со цел да се спречи создавање на диви депонии и целосно расчистување на веќе постоечките.
- Изработка на ДУП-ови со кои индустриските зони во општина Куманово би биле оплеменети со зелени површини со кои дополнително ќе се штити урбаната површина од штетни честички.
- Уредување на неискористените површини во зелени зони.



# IV. КОМУНАЛНА ГРИЖА И ЈАВНИ УСЛУГИ

## 1. Дигитален проект МОЈА ОПШТИНА КУМАНОВО

- Целосна дигитализација на општинските капацитети и јавните претпријатија.
- Изработка на апликацијата за електронска наплата кон јавните препријатија, онлајн барања, урнеци, со техничка поддршка за пријавување на проблеми и упатства за користење на истата. Истата апликација би имала свој форум, како посебен сегмент наречен „граѓанска стража“, каде што граѓаните ќе можат да ги пријават секојдневните проблеми во општината кои потоа техничката поддршка ќе ги препрати до надлежните сектори и ЈП-а.
- Апликацијата ќе биде достапна и за лица со оштетен вид или слух преку гласовни пораки и знаковен јазик.

## 2. Водовод

- Чиста вода за пиење во секое село (помош во изградбата на водостопански објекти, прочистителни и препумпни станици во секое населено место, со

# IV. КОМУНАЛНА ГРИЖА И ЈАВНИ УСЛУГИ

можност за приклучок кон градскиот водовод).

- Одржување на водоснабдителните мрежи наменети за земјоделско полевање
- Продолжување на општинскиот проект за промена на сите азбестни цефки од градскиот водовод и нивна замена со пластични.

## 3. Канализација

- Надзор над прочистувањето на отпадните води кои се влеваат во потоците и реките
- Редовно чистење на каналите и речните корита од нанесениот цврст отпад.
- Ревизија на колекторскиот систем на р. Кумановка кај с. Доброшане за заштита од фекалните отпадни води.

## 4. Погребални услуги

- Воведување на 24 часовна стражарска служба на јавните градски гробишта, со цел спречување на кражбите и сквернавењата на гробовите.
- Подобрување на хигиената и обезбедување на соодветни санитарни услови.
- Зазеленување на гробните површини на територија на Општина Куманово
- Обезбедување на патишта и пристапни точки до гробиштата, како и место за паркирање за посетителите.

## 5. Јавна чистота

- Изградба на јавни тоалети на фреквентни локации во градот.
- Хортикултурно уредување на зелените јавни површина во градското подрачје
- Обезбедување на места за некролози низ целиот град.
- Собирање на отпад и смет во ноќните часови.
- Спроведување и контрола на редовна дезинфекција на јавните простори.
- Поставување на сензор контејнери.

# V. ОБРАЗОВАНИЕ

- Изградба на нови и реновирање на дотраените училишта во Куманово и околните села
- Дигитализација, можност за онлајн членарина и симнување на делата во пдф формат на Градска библиотека Куманово и ослободување од членарина за социјално ранливи категории.
- Бесплатни градинки за секое дете
- Отворање нови градинки и зголемување на капацитетот на постојните, со цел ниту  едно дете да не остане незгрижено.
- Воведување на двосменско работење во градинките.
- Бесплатни курсеви за странски јазици и компјутери за децата од семејства во социјален ризик.
- Дигитализација на ЈУ Градинки Куманово, Градска библиотека, основните и средните училишта преку мобилна апликација за онлајн запишувања и

## V. ОБРАЗОВАНИЕ

испишувања, плаќања членарини, форум за информирање на родителите, пријавувања проблеми и сл.

- Бесплатнен оброк за сите ученици во основните и средни училишта преку формирање на училишни мензи.
- Бесплатен превоз на ученици во склоп на ЈП Јавен превоз.
- Забрана за издавање на училишните кујни под концесија.
- Забрана за приватно обезбедување и чување на јавните објекти.
- Еднократна помош за првачињата по 6000 денари
- Стипендирање на најдобрите ученици и студенти.

# VI. КУЛТУРА, ТУРИЗАМ И СПОРТ

## 1. Култура, млади и спорт

- Изградба на Младински културен центар.
- Организирање на годишни фестивали и културни настани кои ќе ги промовираат локалните традиции, храна и уметност.
- Поддршка на локалниот спорт, спортските сојузи и клубови во различни форми и изградба на нова и одржување на постоечката спортска инфраструктура.
- Изградба на повеќе детски игралишта во секоја населба.
- Отворање на АКСЦ – Автономни културно-социјални центри, преку пренамена на напуштените објекти во општинска сопственост, со можност за конференциски простор, кафе - книжарници, дизајнерски продавници и сл.
- Доизградба на објекти во служба на месните заедници со цел истите да имаат капацитет за културни манифестации.
- Реконструкција и модернизација на општинските фудбалски терени и изградба на нови терени за кошарка.
- Заложба за реконструкција и изградба на спортско-стралечките капацитети во Куманово со цел заживување и актуелизирање на овој спорт.
- Рестраврација и поставување на нови споменици, спомен плочи и бисти на територија на Општина Куманово од НОБ.

## 2. Развој на културен туризам и промоција на историското наследство

- Заложба постоечките туристички капацитети да се модернизираат со отворање на Туристичко биро, со поставување на информативни табли, интерактивни VR дисплеи, мобилни апликации, QR кодови на градскиот и алтернативниот туризам (планински, манастирски, рурален/селски), на местата како што се Зебрњак, манастирот

# VI. КУЛТУРА, ТУРИЗАМ И СПОРТ

во с. Матејче, манастирот во с. Старо Нагоричане, Бислимска клисура, Кокино и др.

- Реконструкција и модернизација на локалитетите „Студена вода“ и „Менкова колиба“, поставувајќи туристички карти, дисплеи и реконструкција на настаните поврзани со почетоците на НОБ во Куманово.
- Целосна реконструкција на Спомен коструница.

# VII. ЈАВНИ СЛУЖБИ И БЕСПЛАТНИ ЈАВНИ СЕРВИСИ ( СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА )

## 1. Помош за социјално ранливи категории

- Воведување Програма за заштита од „енергетка сиромаштија“ (субвенционирање на долговите за комуналии на сиромашните семејства)
- Целосно ослободување од партиципација за старски дом за пензионери приматели на социјална помош и нивните блиските не се во состојба да ги издржуваат.
- Воведување посебен интервентен јавен Фонд за социјално загрозени семејства
- Фонд за поддршка на самохрани родители
- Помош на лица со специјални потреби (ментално здравје, зависности, злоупотреби на деца и сл.)
- Институционална помош на жртви на семејно насилство.
- Формирање на социјален сектор во склоп на општината чија надлежност ќе е помош и поддршка на млади брачни парови, самохрани родители, рехабилитирани зависници, жртви на семејно насилство, преку кој ќе имаат пристап до бесплатни совети, консултации.

## 2. Општествена грижа за лица со попреченост

- Дневен центар за лица со церебрална парализа и други лица на кои им е неопходна туѓа нега и внимание.
- Обезбедување лица за придружба на децата со атипичен развој кои посетуваат настава во основните училишта
- Програми за обучување, доквалификација и преквалификација за вработување и самовработување на лицата со попреченост.
- Планирање и адаптирање на јавни простори со пристапни рампи, лифтови и уредени патеки за лицата со попреченост во сите јавни установи, паркови и игралишта.

# VII. ЈАВНИ СЛУЖБИ И БЕСПЛАТНИ ЈАВНИ СЕРВИСИ (СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА)

- Воведување на пристапни возила во јавниот транспорт и инсталирање на информации со Брајово писмо во автобусите и на станиците.

## 3. Заштита на стари и изнемоштени лица

- Реновирање и проширување на пензионерскиот дом за домување
- Организирање на домашна посета од страна на вработените во дом за стари лица.
- Намалување на цените за партиципирање во Зафир Сајто.

6

## 4. Развој на ЈП „Лукс“ за улични животни и заштита на домашните миленици

- Изработка на апликација на ЈП „Лукс“ со регистар на миленици и дигитален каталог на животните згрижени во стационар, со цел истите да можат полесно да бидат вдомени и воспоставување на систем за регистрација на сите домашни миленици за полесно следење, идентификација и заштита.
- ЈП „Лукс“ би се грижело за заловување, кастрирање, вакцинирање, згрижување, како и промовирање на иницијативи за собирање на храна, постелнини, играчки и потребни материјали за милениците во прифатилиштата како и промовирање на кампањи за хумано делување кон уличните животни.
- Отворање на парк за миленици.



# VIII. ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС И ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

## 1. Стоп за корупцијата

- Нула толеранција кон изигрувањето на законите и злоупотребата на моќта и надлежностите на општинските функционери, особено при располагање со општинските пари, склучување на тендерите, промената на генералните и деталните урбанистички планови и сл.




## 2. Екипирање на општинските инспекции

- Осовременување на возниот парк на територијалната Противпожарна служба.
- Поставување хидранти до капиталните градски објекти.
- Ставање во функција на скривниците изградени во времето на Југославија.
- Организирање превентивни обуки за заштита и спасување на луѓето и имотот.
- Изведување координирани показни вежби за хипотетички природни непогоди и други несреќи од поголеми размери итн.
- Комплетно доекипирање на инспекциските служби, со цел зголемување на нивната ефикасност
- Перманентни обуки за надоградување на вештините и знаењата на локалните инспектори во сите сектори
- Санкционирање на инспекторите заради неизвршување на нивните теренски надлежности

## 3. Спокојно урбано живеење

- Ослободување на узурпираните тротоари и јавни површини од нелегално поставените тенди, маси и столчиња на околните кафулиња.
- Изградба на тротоари во приградските населби Бедиње, Карпош, Иго Тричковиќ, Вера Которка и др. со цел поголема безбедност во сообраќајот.
- Заштита од ноќна бучава и нарушување на спокојот на соседството од гласна музика од локалите, кафулињата и ресторантите.
- Заштита на граѓаните од гласни машини, мотори, автомобили во доцните вечерни часови, со поголема сообраќајна контрола.
- Забрана за прекумерната бучава од верски објекти, преку ограничување на гласноста која доаѓа од нив.
- Редовна контрола над нелегалното движење на тешките товарни возила во централното градско подрачје.

# ЛЕВИЦА

## ЗА КУМАНОВО

# 6

# ЛЕВИЦА

## ЗА КУМАНОВО

6

levica.mk @levica_mk @levica_partija

PartijaLevica @levica.mk @levica_partija